# *ООУ „ПЕТАР МУСЕВ“ - БОГДАНЦИ*

ул.„Крушевска“ бр.64, тел./факс +389 34 221 034 e-mail: petarmusev@yahoo.com


*Наш број од 2024година Ваш број*

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ„ПЕТАР МУСЕВ“- БОГДАНЦИ ВО УЧЕБНАТА 2023/24 ГОДИНА




**Јули 2024**

# И З В Е Ш Т А Ј

## За работата и постигнатите резултати на ООУ„Петар Мусев“- Богданци во учебната 2023/24 година

Содржина на извештајот:


Вовед

1. Број на паралелки, ученици и услови за работа
2. Подготвеност на училиштето за работа во учебната 2023/24 година
   2.1. Материјално-техничка подготвеност
   2.2.Подготвеност на училиштето за воспитно-образовна работа
3. Планирање, реализација и унапредување на воспитно образовната работа
   3.1. Планирани и реализирани часови за учебната 2023/24година
4. Професионален развој
   4.1 Професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар
5. Планирање и реализација на дејноста на стручните органи и тела, стручните соработници и директорот
6. Успехот на учениците во учебната 2023/24 год.
7. Ученички натпревари
8. Наставни екскурзии
9. Грижа за здравјето на учениците
10. Инклузија на деца со посебни образовни потреби
11. Воннаставни воспитно образовни активности
12. Антикорупциска едукација на учениците во основното образование
13. Учество на учениците во Ученички парламент
14. Ученички правобранител
15. Редовност на учениците
16. Поведение и изречени педагошки мерки
17. Соработка со родителите/ старателите
18. Соработка со други институции
19. Педагошка евиденција и документација
20. Заклучоци и предлог мерки

Прилог 1: Извештај од реализирани натпревари во учебната 2023/24 година

Прилог 2: Извештај од наставни екскурзии реализирани во учебната 2023/24година

Прилог 3:Годишен извештај за работата на Инклузивниот тим во ООУ „ Петар Мусев“ Богданци во учебната 2023/24година

## Вовед

Изготвувањето на овој извештај има нормативна основа која е предвидена со Законот за основно образование, Законот за локална самоуправа, како и Статутот на училиштето.

Извештајот има за цел јасно да ги отслика и презентира состојбите во врска со остварувањето на програмските определби предвидени во Годишната програма за работа на училиштето во текот на учебната 2023/24 година. Поаѓајки од ова, како и од значењето на функцијата што ја остварува училиштето, наодите од Годишниот извештај ќе послужат како поттик за нивно анализирање од страна на вработените, стручните активи, органите во училиштето, а резултатите од тоа ќе се искористат за уредување на одредени мерки кои ќе придонесат за подобрување на состојбата и унапредување на дејноста на училиштето.

Појдовни основи за изработка на Извештајот се:

- Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/24 година;
- План за развој на училиштето;
- Документи за реализација на програмите, работата на раководниот кадар, стручните тела и органи и стручната служба;
- Педагошката евиденција и документацијата за реализација на плановите и програмите, воннаставната и другата стручна и педагошка дејност;
- Статистички табеларни прегледи и извештаи;
- Тезите за изготвување на Годишен извештај од БРО на Р Македонија;
- Законот за основно образование/ правилници / концепции
- Законот за наставници и стручни соработници во основното образование
- Законот за работни односи
- План и програми за воспитно образовната дејност
- Концепцијата за деветгодишно воспитание и образование
- Календарот за за организација на работата во учебната 2023/24 година(Службен весник на РСМ бр.193/20)
- Статутот на училиштето

Извештајот се состои од два дела:

- Основен текст (текстуален) со констатации и компаративни анализи на успехот со минатата учебна година  за истиот период;
- Статистички дел (табеларен)

# 1. Број на паралелки, ученици и услови за работа

ООУ„Петар Мусев“ е основно деветгодишно училиште од развиен тип со 22 паралелки од I - IX одделение (со двете во подрачното училиште).

Од I - V одделение има 12 паралелки (со 2 подрачни), а од VI-IX одделение има 10 паралелки.

На почетокот од учебната година бројот на учениците изнесуваше 407. Во текот на првото полугодие испишани се 3 ученика, а придошол 1 ученик. На почетокот од второто полугодие придојдени се 2 ученика, а испишан е 1 ученик. Бројот на ученици кои ја завршуваат учебната година изнесува 406 од кои машки 192, а женски 213.

**Преглед на бројот на ученици според пол и етничка припадност**

| Одд. | Македонци | | | Турци | | | Други | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **м** | **ж** | **се** | **м** | **ж** | **се** | **м** | **ж** | **се** | **м** | **ж** | **се** |
| I | 16 | 24 | 40 | | | | | | | 16 | 24 | 40 |
| II | 20 | 23 | 44 | | | | | | | 20 | 23 | 43 |
| III | 21 | 27 | 48 | | 2 | 2 | | | | 21 | 29 | 50 |
| IV | 22 | 23 | 45 | | 1 | 1 | | | | 22 | 24 | 46 |
| V | 23 | 26 | 49 | | 2 | 2 | | | | 23 | 28 | 51 |
| VI | 21 | 17 | 38 | | | | | | | 21 | 17 | 38 |
| VII | 13 | 15 | 28 | 1 | / | 1 | | | | 14 | 15 | 29 |
| VIII | 21 | 22 | 43 | / | / | / | | | | 21 | 22 | 43 |
| IX | 23 | 22 | 45 | 1 | / | 1 | | | | 24 | 22 | 46 |
| ПУ-Ѓавото | 9 | 11 | 20 | | | | | | | 9 | 11 | 20 |
| Вкупно | **189** | **210** | **399** | **2** | **5** | **7** | | | | **191** | **215** | **406** |
| Процентуална застапеност | **98, 3 %** | | | **1, 7 %** | | | | | | **100 %** | | |

Семејни услови: Со два родители - 377 ученика, со еден родител (разведени родители) -22 и со починат родител 7 ученика.

Националниот состав на учениците е следен: Македонци - 399, Турци - 7.

Во споредба со минатата учебна година, бројот е намален за 7 ученика.

Училиштето опфаќа ученици од Богданци и с. Ѓавото. До училиштето патуваат 8 ученика, од Ѓавото до Богданци.

Превозот е обезбеден од МОН на Р. Македонија.

- Наставата се изведува во 10 специјализирани училници за одделенска настава, 10 кабинети за предметна настава и 1 адаптирана просторија во подрумскиот дел за реализација на настава по ФЗО. Во подрачното училиште наставата се изведува во 3 училници, од кои 2 за одделенска и 1 за предметна настава од I-V одделение.

## 2. Подготвеност на училиштето за работа

### 2.1 Материјално-техничка подготвеност

Во текот на летниот распуст и во текот на учебната 2023/24 година, направени се следните материјално-технички подготовки:

- Купени се наставни помагала за потребите на училиштето;
- Купени се 2принтера (KyoceraFS-1020 MFP) за потребите на училиштето;
- Купени се 12 лап топ компјутери Notebook HPI250G8 i- 31115G4 15.6“ за потребите на училиштето;
- Купени се 2 интерактивни табли, 1 проектор и држач за проектор за потребите на училиштето;
- Купени се 10 училишни клупи и 20 столчиња за потребите на училиштето;
- Изработени и поставени се 5 на кровни сливници;
- Купен се 1 монитор за камери (ST32CH4300,32“ 82cmHD Reedy LED TV) за потребите на училиштето;
- Купени се слушалки SONY MDR ZX310 APB (5) и 10 книги за пофалени ученици и наградени ученици;;
- Реновирана е фасадата на Подрачното училиште во Ѓавото, поставена е термо фасада;
- Библиотечниот фонд е збогатен со 105 книги.
- На почетокот на учебната година и пред почетокот на второто полугодие извршена е дезинфекција и дератизација на целиот училишен простор;
- Хигиената редовно се одржува со употреба на дезинфекциони средства;
- Училиштето нема фискултурна сала и часовите по физичко образование се реализираат во адаптирана просторија во подрумскиот дел кога временските услови не овозможуваат работа на спортските терени;
- Училиштето има сопствен видео надзор и физичко лице за патролно обезбедување во вечерните часови кој помага за следење на однесувањето на учениците.
- Во рамки на Елаборатот за Заштита и спасување училиштето има планови по ламели за евакуација во случај на опасност;
- Во училиштето има ПП-апарати кои редовно се сервисираат. Хидрантите се функционални и има документ за извршено мерење на громобранска инсталација

Отворени проблеми кои бараат решение:

- Значително прокиснување на кровот
- Замена на подовите;
- Целосно реновирање на фасадата;
- Изградба на фискултурна сала;

## 2.2 Подготвеност на училиштето за воспитно образовна работа

- Пред почетокот на учебната година беа извршени сите подготовки за непречена реализација на воспитно-образовната работа и беше изготвен план за организација и хигиена на просторот во училиштето (влегување и излегување од училиштето, чистење, дезинфекција и проветрување на просторот).
- Имаше кадровски промени,вработен е нов наставник по англиски јазик,замена на наставничка која е на на породилно боледување, нов наставник по физичко и здравствено образованиево ЦУ и Подрачното училиште.Од страна на ресурсниот центар при ПОУ „Климент Охридски“-Ново село ангажирани се 2 образовни асистенти заради давање поддршка на учениците со попреченост во согласност со нивните индивидуални потреби, со цел да им се овозможи учество во образовниот процес;
- Од страна на Државен санитарен и здравствен инспекторат беше извршен 1 инспекциски надзор.
- На почетокот од учебната година беше утврден бројот на паралелките, фондот на часови за наставниците, дополнителните одговорности и задолженија на наставниците и беа формирани стручните активи и тимови за интерни и екстерни проекти;
- Распоредот на часови беше навреме подготвен;
- Годишните глобални и тематски планирања од поголем број наставници беа доставени во утврдениот термин;
- Годишната програма за работа, беше доставена до Општината – Богданци, БРО и ДПИ, согласно Законските нормативи;
- Воспитно образовниот процес се реализираше согласно Календарот за организација и работа на училиштата согласно Наставниот план за учебната 2023/2024 година;
- Наставата во прво,второ,трето,четврто и петто одделение се реализира согласно новата Концепција за основно образование;
- Учебната година започна на 01.09.2023 година. Наставата се реализирасо физичко присуство. Времетраењето на часот е 40 минути;
- Прв задолжителен странски јазик е англискиот и се изучува од I до IX одделение, а францускиот јазик е втор задолжителен јазик од VI – IX одделение.
- Согласно наставниот план за работа по предметот физичко и здравствено образование, наставата во учебната 2023/24 година се одвива во тандем со одделенските наставници од прво, второ, трето, четврто и петто одделение, заедно со предметниот наставник по физичко и здравствено образование.
- На крајот на учебната година учениците добиваат анкетен лист за избирање на еден изборен предмет кој ќе го изучуваат наредната учебна година задолжително. Според изборот на учениците се формираа групите. Изборни предмети оваа учебна година беаПроекти од музичка уметност во VIIодделение,Вештини на живеењево VIIIи Програмирање во IX одделение.

- Согласно новата Концепција за основно образование на учениците од четврто, петто и шестоодделение им се понуди да изберат еден од четирите категории слободни изборни предмети, (1) изборни предмети за проширување на знаењата од задолжителните наставни предмети, (2) изборни предмети за поддршка на интереси на учениците кои не се дел од наставните предмети, (3)изборни предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците, (4) изборни предмети од спортско рекреативен карактер.Анкетата беше спроведена во вид на прашалник за пројавување првичен интерес и согласно резултатите од анкетата во нашето училиште се формираа листите на слободни изборни предмети и за истите наставниците подготвија програми.Во првото полугодие од учебната 2023/24 во IV одделение беше реализиран изборниот предмет „Фудбал“,а во V одделение изборниот предмет „Кошарка“. Во второто полугодие од учебната 2023/24 година во IV одделение беше реализиран изборниот предмет „Сликање“, а во V одделение изборниот предмет „Оригами“ за кои беше доставена наставна Програма до Бирото за развој на образованието за стручно мислење.Во VI одделениево првото полугодие беа реализирани изборните предмети „Етика на религиите“и„Религиите во светот“,а во второто полугодие изборниот предмет „Религиозно и културно наследство“.

  Во прво, втории трето одделение слободните изборни предмети се реализираа во вид на слободни активности кои се организираа во рамки на паралелката во вид на работа во групи или со целата паралелка. Слободните активности се организираа според искажаниот интерес на мнозинството ученици во паралелката
- Училиштето реализира проширена програмаза учениците од прво до трето одделение согласно законскатарегулатива.
- **Дополнителната настава** во текот на учебната 2023/2024 година се реализираше за учениците кои се соочуваат со повремени тешкотии во учењето, ученици кои побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на содржините. На почетокот на учебната година се изготви распоред за дополнителна настава, а реализацијата се евидентираше во е-дневникот.
- **Додатна настава** се реализираше за учениците кои покажуваа особен интерес за одреден предмет со цел проширување, систематизирање и збогатување на знаењата и поттикнување на нивните интереси и способности. Преку додатната настава учениците се подготвуваа за општински, регионални, републички и меѓународни натпревари.

  Додатната настава по правило се организираше, паралелно со редовната настава по часовите.Реализацијата на додатна настава се евидентираше во педагошка евиденција на е-дневникот.
- Училиштето има програми за работа со надарени и талентирани ученици . Програмите се индивидуализирани согласно со степенот на напредување на ученикот, во соработка со стручните соработници, педагогот и психологот;
- За учениците со посебни образовни потреби, по нивната идентификација во соработка на наставници и стручните соработници: педагог, психолог и дефектолог во текот на првото полугодие од учебната година се изготвуваа индивидуализирани образовни програми. Училиштето е опремено со сензорна соба каде дефектологот реализира дел од индивидуалните образовни програми. Наставниците активностите ги планираат во рамки на часот;

- Во тематските планирања се врши интегрирање на еколошките содржини од деветте еколошки теми во предметите, наставните содржини и часовите по соодветното одделение. Со тоа се збогатуваат постоечките предмети со еколошки содржини и содржини за заштита на животната средина. Учениците, децата, вработените и пошироката заедница добиваат знаења за конкретните акции кои ги презема училиштето за заштитата на животната средина и реализацијата на Програмата;
- Секој наставник во своето **тематско планирање** ги планира часовите за примена на ИКТ во наставата и тоа минимум 30%;
- Воспитно образовниот процес го остваруваат 36 наставника, од кои 24 во предметна и 12 во одделенска настава;
- Стручната подготовка на кадарот е следна: со Високо образование има 35 (со директор, педагог, психолог и дефектолог), со Више образование 5 наставника. Дополнуваат часови во други училишта 3 наставника, а 6 наставника дополнуваат часови во нашето училиште;
- Во училиштето работат: 1 секретар, 1 домакин – хаус мајстор и 5 помошен персонал (хигиеничари).

## 3. Планирање, реализација и унапредување на воспитно-образовната работа

Годишната програма за работа на Училиштето беше подготвена врз основа на следните документи:

Законот за основно образование член 49 став 3 (Сл. весник на Република Македонија“ број161/2019,Закон за работни односи, Закон за јавни набавки,Закон за организација и работа на органите на државната управа и други закони; Правилникот од МОН за формата и содржината на Годишната програма за работа на основно училиште; Наставни планови и програми; Концепција на деветгодишно образование; Статутот на училиштето член 25,112,120,и 121; Програма за развој на училиштето.

Основна и приоритетна цел на училиштето е квалитетна организација, настава со примена на компјутери (ИКТ), примена на современи форми и методи на работа, креативни техники на учење, знаењата на учениците да се квалитетни, трајни и функционални во нивниот понатамошен тек на образование.

Во училиштето работат следните проекти:

- Чекор по чекор, креативна настава и учење;
- Информатичка технологија и комуникација во образованието;
- Модернизација на образованието –втора фаза ;
- ПЕП Проект
- Програма- Образование за животни вештини;
- ЕКО Проект-Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем;
- Проект- Македонска мрежа на училишта што го унапредуваат здравјето;
- Проект за меѓуетничка интеграција во образованието;
- Проект „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“
- Програма – „Математика со размислување“

- Програма – „Јазична писменост во почетните одделенија“
- Проект –„ Со читање до лидерство“
- Проект - „Критичко размислување и решавање проблеми“
- Проект – „Децата не се раѓаат со предрасуди“

Часовите од задолжителната настава се планирани според наставните програми за учебната 2023/24 година.

Според Календарот за работа во учебната 2023/24 година, реализирани се 180 наставни дена.

### 3.1 Планирани и реализирани часови во учебната 2023/24 година

**Табела 1. Планирани и реализирани часови за учебната 2023/24 година**

| I – IX 22 паралелки | | | |
|---|---|---|---|
| **Настава, воннаст. в.о. дејност** | **Планирани** | **Реализирани** | **Процент** |
| Задолжителна настава | 19368 | 19338 | 99,85% |
| Изборна настава | 1584 | 1598 | 100,88% |
| Додатна настава | 684 | 685 | 100,15% |
| Дополнителна настава | 684 | 616 | 90,06% |
| Одделенски час | 720 | 663 | 92,08% |
| ОКР | 310 | 277 | 89,35% |
| **Вкупно** | 23350 | 23177 | 99,26% |
| Грижа за здравјето на учениците | **572** | **415** | 72,55% |
| ВНВОА | **980** | **1090** | 111,2% |
| СУА + Хор и оркестар | **224** | **224** | 100% |
| **Вкупно** | 25126 | 24126 | 99,12% |

**Констатации**:

**На основа Наставниот план и програма од I - IX одделение во н учебната 2023/24 година планирани се 25126 часа,а реализирани се 24126 часа или 99,12%.**

**Часовите од задолжителната настава за учебната 2023/24 година се планирани со19368, а реализирани се 19338 часа или 99,85% .**

**Во учебната 2023/24 година реализирани се 685 часа од додатна настава или 100,15% од планираните на годишно ниво, а дополнителна реализирани се 616 часа или 90,06%.**

| **Реализирани часови со примена на ИКТ за учебната 2023/2024 година** | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | I, III ПУ Ѓавото | II, IV,V ПУ Ѓавото | Вкупно |
| Реализирани часови | 904 | 424 | 120 | 800 | 776 | 359 | 290 | 340 | 146 | 452 | 200 | 4811 |

| **ПМИО содржини за учебната 2023/2024 година** | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | I, III ПУ Ѓавото | II, IV,V ПУ Ѓавото | Вкупно |
| Реализирани часови | 16 | 18 | 8 | 16 | 16 | 45 | 46 | 12 | 13 | 9 | 9 | 208 |

| **ЕКО содржини за учебната 2023/2024 година** | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | I, III ПУ Ѓавото | II, IV,V ПУ Ѓавото | Вкупно |
| Реализирани часови | 20 | 20 | 10 | 20 | 20 | 23 | 42 | 6 | 13 | 8 | 15 | 197 |

| **Реализирани работилници од ОЖВ за учебната 2023/2024 година** | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | I, III ПУ Ѓавото | II, IV,V ПУ Ѓавото | Вкупно |
| Реализирани часови | 4 | 28 | 72 | 60 | 60 | 102 | 72 | 102 | 72 | 36 | 30 | 638 |

**Во учебната 2023/24 година реализирани севкупно 4811 часа со примена на ИКТ, ЕКО содржини се реализирани со 197 часа, ПМИО содржини 208 и ОЖВ–638 работилници.**

# 4. Професионален развој

Стручното усовршување на наставниот кадар се одвиваше според Програмите на МОН и БРО со присуство на наставниците и директорот.

**4.1 Професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар**Во текот на учебната 2023/24година, реализирани се следните обуки:

| Датум на реализација | Обука | Реализатори | Учесници |
|---|---|---|---|
| 18-23.08.2023 год. | Обука за наставници на тема: „Стратегии на менаџмент во училница“ | Биро за развој на образованието Реализатор: Акредитиран провајдер – Академија ЦЕС Предавач:Невена Петрушева | Присутни на обуката 28 наставници |
| 30.08.2023 год. | Обука за стручни соработници на тема: „Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците со проблематично однесувањеи создавање на позитивна социо-економска клима на час“ | Биро за развој на образованието Реализатор: Акредитиран провајдер – Академија ЦЕС | Невена Петрушева |
| 14.09.2023 год. | Онлајн обука за координаторите и замениците координатори за спроведување на преттестирањетово VI одделение со кои се опфатени сите ученици кои минатата учебна година биле Vодделение во рамките на државното тестирање“ | Државен испитен центар | Координатор и заменик координатор: Снежана ЕнџекчеваНевена Петрушева |
| 30.09.2023 год | Онлајн обука на тема: „Социјалните мрежи – алатка за подобра комуникација или неконтролирана активност“ (2 часа) | Научен институт за применети истражувања за бизнис | Стручни соработници: Невена Петрушева Снежана Енџекчева |
| 14.10.2023 год. | Онлајн обука на тема: Создавање на услови за ефективна вербална и невербална комуникација“ | Биро за развој на образование | Стручни соработници: Невена Петрушева Снежана Енџекчева |
| 26.10.2023 год.. | Онлајн обука на тема: „Психологија на меѓуврсничко насилство и девијантно однесување, препознавање, справување и третман“ (3 часа) | АС-Анима Психовелнес и советување | Стручни соработници: Невена Петрушева Снежана Енџекчева |
| 28.10.2023 год. | Онлајн обука на тема:„Проценка и справување | АС-Анима Психовелнес и | Стручни соработници: |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | со меѓуврничко насилство“ (3 часа) | советување | Невена Петрушева Снежана Енџекчева |
| 16.11.2023год. | Онлајн обука за ТАЛИС – маѓународно истражување за настава и учење -2024 (1час) | Биро за развој на образованието Реализатор: Државен испитен центар | Координатор и заменик координатор Невена Петрушева Снежана Енџекчева |
| 25-26.01.2024 год. | Бука за одделеенските наставници и наставниците кои предаваат македонски јазик од VI –IX одделение на тема: „Медиумска писменост“ (6 часа) | Биро за развој на образованието и Проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат | Присутни на обуката 16 наставници |
| 01.02,2024 год. | Онлајн обука за наставниците кои предаваат во IV, V и VI одделение, македонски јазик, математика, историја и општество и природни науки на тема: Користење на Националната платформа nastava.mk | Биро за развој на образованието и МОН | Обуката ја следеа 10 наставника |
| 02-03.02. 2024 год. | Обука за директори | Друштво за консалтинг и услуги „КОУЧИНГ-Н -Битола | Директор: Атанас Нанчев |
| 24.02.2024 год, | Напредна обука за директори на тема: „Финансиско раководење“ (8 часа) | Друштво за консалтинг и услуги „КОУЧИНГ-Н -Битола | Директор: Атанас Нанчев |
| 26.02.2024 год. | Онлајн Обука за спроведување на TIMSS тестирањето | Државен испитен центар | Психолог –Невена Петрушева<br>Педагог –Снежана Енџекчева |
| 29.02.2024 год. | Обука за педагози на тема: „Местото и улогата на педагозите во подобрувањето на работата на училиштата“ (8 часа) | Друштво за консалтинг и услуги „КОУЧИНГ-Н -Битола | Педагог: Снежана Енџекчева |
| 05.04.2024г0д. | Онлајн состанок на платформата Teams за наставниците од одделенска настава и наставниците по македонски јазик од предметна настава | Биро за развој на образованието и Проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат | Присутни на обуката 16 наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 08-09.04.2024 год. | „Унапредување на квалитетот на училиштата преку ревидирана рамка за оценување на квалитетот на училиштата, Самоевалуација и Равојно планирање | МЦГО како поддршка на МОН и ДПИ | Директор-Атанас Нанчев<br><br>Психолог-Невена Петрушева |
| 22-23.04.2024 год. | Обука за стручните соработници на тема: Унапредување на менталното здравје на адолесцентите“(8часа) | Биро за развој на образование со финансиска поддршка на УНИЦЕФ | Педагог: Снежана Енџекчева<br><br>Специјален едукатор: Елисавета Карастојанова |
| 25.04.2024 год. | Обука за стручните соработници на тема:„Зајакнување на капацитетите за управување со менструалното здравје и хигиена (4 часа) | ПЕИП –Проектот за унапредување на основното образование имплементиран во рамки на МОН, а финансиран од Светска банка | Педагог: Снежана Енџекчева<br><br>Специјален едукатор: Елисавета Карастојанова |
| 10.05.2024 год. | Обука на тема: „Загаден воздух внатре и околу училиштата и детските градинки“ | Институт за биометриски истражувања -Скопје | Директор-Атанас Нанчев<br>Педагог: Снежана Енџекчева<br>Специјален едукатор: Елисавета Карастојанова<br>Наставници:<br>Фиданка Енџекчева<br>Јованка Прошева<br>Љупчо Стојков |
| 15.05.2024 год. | Онлајн обука –Вебинар на тема „Тренинг на сајбер безбедност за едукатори“-Втор дел | ЕДУЛАБ | Психолог-Невена Петрушева<br>Педагог: Снежана Енџекчева |

Во рамки на следењето на воспитно-образовната работа во текот на учебната година 2023/24 година имаше интерно следење за реализација на наставниот процес од страна на стручната служба, следење на адаптацијата на учениците во прво и шесто одделение, следење на адаптацијата на учениците со попреченост и увид во работата по ИОП кај наставници кои имаат инклудирано ученици со ПОП во нивното одделение.

Констатациите и водените разговори по извршениот увид од следењето на наставата се во функција на подобрување на воспитно-образовниот процес.

Редовенконтролен инспекциски надзород страна на ДПИ беше извршен на07.11.2023 –Советување на родители – родителска школа; 01.03 –05.03.2024 година беше извешен стручен увид од страна на советници од БРО, посетени беа три часа (македонски јазик IV одд., техничко образование Vодд.и изборниот предмет Религиозно и културно наследство VIодд.кај наставниците ВангаВанчева, Богомил Марков и Ристе Живковиќ. Целта на посетата беше реализација на наставата според Новата Концепција за основно образование; 15.03.2024 година беше извршен инспекциски надзор од страна на ДПИ – 1. Вонанаставни активности и екскурзии; 2. Професионален и кариерен развој на директорот, наставниците и стручните соработници; 18.06.2024 година беше извршен инспекциски надзор од страна на ДПИ –1.Запишување на ученици во прво одделение во основно образование;2. Реализација на наставен план и програма во основно училиште;

## 5. Планирање и реализација на дејноста на стручните органи и тела, директорот и стручните соработници

Работата на Одделенските совети и Наставничкиот совет е планирана со Годишната програма за работа на училиштето. Одржани се 4 Одделенски совети и12 Наставнички совети.

Наставниот кадар е организиран во 3 стручни активии има одржано 4состанока.

Советот на родители брои 22 члена и работи по Програма. Има оддржано 4 состанока. Училишниот одбор работи по Програма. Има одржано 6 состанока.

Директорот и стручната служба, работат по Програма и реализацијата на истата е според планираната динамика.

Информации од реализираните програмски задачи /анализи од испитувања, извештаи, осврти, анкети и други програмски задачи се излагаат на Одделенски совет, Наставнички совет, стручните активи и други стручни тела во училиштето.

Од работата се води евиденција и документација.

# 6. Успех на учениците

Согласно член 138 од Законот за основно образование на крајот од учебната 2023/24 година описно се оценети 146 ученика од I –III одделение, а 260 ученика од IV до IX одделение се оценети со бројчани оценки.

**Табела 2. Општ успех на учениците по паралелки**

| Општ успех на учениците (по паралелки) на крај од учебната 2023 -2024 година | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одд. | Одлични | Мн. добри | Добри | Доволни | Недоволни | Вкупно | Среден успех |
| IV а | 15 | 7 | 1 | 1 | 0 | 24 | 4,46 |
| IV б | 17 | 5 | 0 | 0 | 0 | 22 | 4,72 |
| V а | 17 | 8 | 1 | 1 | 0 | 27 | 4,54 |
| V б | 19 | 2 | 2 | 1 | 0 | 24 | 4,54 |
| VI а | 8 | 2 | 2 | 0 | 0 | 12 | 4,47 |
| VI б | 6 | 7 | 0 | 0 | 0 | 13 | 4,51 |
| VI в | 8 | 5 | 0 | 0 | 0 | 13 | 4,55 |
| VII а | 10 | 2 | 3 | 0 | 0 | 15 | 4,52 |
| VII б | 8 | 4 | 1 | 1 | 0 | 14 | 4,36 |
| VIII а | 6 | 4 | 4 | 0 | 0 | 14 | 4,03 |
| VIII б | 5 | 6 | 2 | 0 | 0 | 13 | 3,88 |
| VIIIв | 4 | 5 | 7 | 0 | 0 | 16 | 3,77 |
| IX а | 13 | 7 | 3 | 0 | 0 | 23 | 4,37 |
| IX б | 13 | 3 | 7 | 0 | 0 | 23 | 4,16 |
| Вкупно | 149 | 67 | 33 | 4 | 0 | 253 | 4,35 |
| % | 58,89% | 26,48% | 13,04% | 1,58% | 0,00% | | |
| | | | | | | | |
| ПУ IV | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | 5 | 4,76 |
| ПУ V | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 4,3 |
| Вкупно ПУ | 5 | 2 | 0 | 0 | 0 | 7 | 4,53 |
| % ПУ | 71,43% | 28,57% | 0,00% | 0,00% | 0,00% | | |
| | | | | | | | |
| Вкупно со ПУ | 154 | 69 | 33 | 4 | 0 | 260 | 4,37 |
| % со ПУ | 59,23% | 26,54% | 12,69% | 1,54% | 0,00% | | |







**Табела 3. Споредба на општиот успех**

| IV-IX | Одлични | Мн. добри | Добри | Доволни | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 2023/24 | 154 | 69 | 33 | 4 | 260 |
| | 59,23% | 26,54% | 12,69% | 1,54% | |
| 2022/23 | 134 | 71 | 49 | 6 | 260 |
| | 51,54% | 27,31% | 18,85% | 2,31% | |
| Разлика | 20 | -2 | -16 | -2 | |
| | 7,69% | -0,77% | -6,15% | -0,77% | |

**Констатации:**

**Согласно показателите на општиот успех кај учениците, на крајот одучебната 2023/24година може да се констатира дека во однос на минатата учебна година процентот на ученици со одличен успех е зголемен за 7,7%, процентот на ученици со мн.добар успех е намален за 0,77% и процентот на ученици со добар успех е намален за 6,15, додека процентот на ученици со доволен успех е намален за 0,77.**

**Табела 4 – преглед на постигањата на учениците од I – III одделение во учебната 2023/24 година**

| Аналитички преглед на нивото на постигања на учениците од I до III одд.- 2023/24 година | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| паралелки | број на ученици | високо ниво | | | средно ниво | | | ниско ниво | | |
| | | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. |
| **I а** | 21 | 7 | 9 | 16 | 2 | 2 | 4 | 0 | 1 | 1 |
| % | | 33,3 | 42,9 | 76,2 | 9,5 | 9,5 | 19,0 | 0,0 | 4,8 | 4,8 |
| **I б** | 19 | 5 | 10 | 15 | 0 | 2 | 2 | 2 | 0 | 2 |
| % | | 26,3 | 52,6 | 78,9 | 0,0 | 10,5 | 10,5 | 10,5 | 0,0 | 10,5 |
| **ПУ I** | 4 | 1 | 3 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| % | | 25,0 | 75,0 | 100,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| **Вкупно** | **44** | **13** | **22** | **35** | **2** | **4** | **6** | **2** | **1** | **3** |
| **%** | | **29,5** | **50,0** | **79,5** | **4,5** | **9,1** | **13,6** | **4,5** | **2,3** | **6,8** |
| **II а** | 22 | 10 | 8 | 18 | 2 | 1 | 3 | 1 | 0 | 1 |
| % | | 45,5 | 36,4 | 81,8 | 9,1 | 4,5 | 13,6 | 4,5 | 0,0 | 4,5 |
| **II б** | 21 | 4 | 10 | 14 | 1 | 5 | 6 | 1 | 0 | 1 |
| % | | 19,0 | 47,6 | 66,7 | 4,8 | 23,8 | 28,6 | 4,8 | 0,0 | 4,8 |
| **ПУ II** | 3 | 0 | 2 | 2 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| % | | 0,0 | 66,7 | 66,7 | 33,3 | 0,0 | 33,3 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| **Вкупно** | **55** | **14** | **20** | **34** | **4** | **6** | **10** | **2** | **0** | **2** |
| **%** | | **25,5** | **36,4** | **61,8** | **7,3** | **10,9** | **18,2** | **3,6** | **0,0** | **3,6** |
| **III а** | 26 | 3 | 11 | 14 | 5 | 4 | 9 | 2 | 1 | 3 |
| % | | 11,5 | 42,3 | 53,8 | 19,2 | 15,4 | 34,6 | 7,7 | 3,8 | 11,5 |
| **III б** | 24 | 5 | 11 | 16 | 3 | 2 | 5 | 2 | 1 | 3 |
| % | | 20,8 | 45,8 | 66,7 | 12,5 | 8,3 | 20,8 | 8,3 | 4,2 | 12,5 |
| **ПУ III** | 6 | 3 | 3 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| % | | 50,0 | 50,0 | 100,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| **Вкупно** | **56** | **11** | **25** | **36** | **8** | **6** | **14** | **4** | **2** | **6** |
| **%** | | **19,6** | **44,6** | **64,3** | **14,3** | **10,7** | **25,0** | **7,1** | **3,6** | **10,7** |

**Описното оценување на учениците од прво до трето одделение е направено во три нивоа, во согласност со стандардите за оценување, а врз основа на покажаните знаења и способности на учениците.**

**Табела бр.5 Преглед на општиот успех на учениците според пол**

| | Одлични | | | Мн. Добри | | | Добри | | | Доволни | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | вк. | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк |
| IV | 15 | 21 | 36 | 9 | 4 | 13 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 25 | 26 | 51 |
| V | 15 | 22 | 37 | 6 | 5 | 11 | 2 | 1 | 3 | 1 | 1 | 2 | 24 | 29 | 53 |
| VI | 13 | 9 | 22 | 6 | 8 | 14 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 21 | 17 | 38 |
| VII | 7 | 11 | 18 | 3 | 3 | 6 | 3 | 1 | 4 | 1 | 0 | 1 | 14 | 15 | 29 |
| VIII | 2 | 13 | 15 | 8 | 7 | 15 | 10 | 3 | 13 | 0 | 0 | 0 | 21 | 23 | 43 |
| IX | 10 | 16 | 26 | 7 | 3 | 10 | 7 | 3 | 10 | 0 | 0 | 0 | 24 | 22 | 46 |
| Вкупно | 62 | 92 | 154 | 39 | 30 | 69 | 25 | 8 | 33 | 2 | 2 | 4 | 129 | 131 | 260 |

Од изнесените податоци во табелата во однос на општиот успех на учениците според полот може да се констатира дека бројот на машките ученици со одличен и многу добар успех е помал во однос на женските ученици, а бројот на ученици со добар успех е поголем кај машките во однос на женските ученици.

**Табела 6. Успех по паралелки во учебната 2023/24 година**

| Паралелка | Среден успех |
|---|---|
| | |
| IV а | 4,46 |
| IV б | 4,72 |
| V а | 4,54 |
| V б | 4,54 |
| VI а | 4,47 |
| VI б | 4,51 |
| VI в | 4,55 |
| VII а | 4,52 |
| VII б | 4,36 |
| VIII а | 4,03 |
| VIII б | 3,88 |
| VIII в | 3,77 |
| IX а | 4,37 |
| IX б | 4,16 |
| ПУ IV | 4,76 |
| ПУ V | 4,3 |
| ПУ- IV, V | 4,53 |
| IV-V | 4,55 |
| VI-IX | 4,26 |
| Просек | 4,37 |

| Одд | Среден Успех |
|---|---|
| IV | 4,59 |
| V | 4,54 |
| VI | 4,52 |
| VII | 4,45 |
| VIII | 3,91 |
| IX | 4,26 |
| ПУ IV-V | 4,53 |
| | |
| Просек | 4,37 |

**Табела бр. 7 - Константност на успехот 2023/24 година – споредба на успехот од учебна 2022/23 година**

| Пар. - Одд. | Среден успех 2023/24 | Пар. - Одд. | Среден успех 2022/23 | Разлика во % | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|
| IV а | 4,46 | III а | Описно | / | / |
| IV б | 4,72 | III б | Описно | / | / |
| IV ПУ Ѓавото | 4,76 | III ПУ Ѓавото | Описно | / | / |
| V а | 4,54 | IV а | 4,39 | 3,42% | 0,15 |
| V б | 4,54 | IV б | 4,4 | 3,18% | 0,14 |
| V ПУ Ѓавото | 4,30 | IV ПУ Ѓавото | 4 | 7,50% | 0,3 |
| VI а | 4,47 | V а | 4,37 | 2,29% | 0,1 |
| VI б | 4,51 | V б | 4,5 | 0,22% | 0,01 |
| VIв | 4,55 | / | / | / | / |
| VII а | 4,52 | VI а | 4,59 | -1,53% | -0,07 |
| VII б | 4,36 | VI б | 4,46 | -2,24% | -0,1 |
| VIII а | 4,08 | VII а | 4,18 | -2,39% | -0,1 |
| VIII б | 3,88 | VII б | 4,19 | -7,40% | -0,31 |
| VIIIв | 3,77 | VII в | 4 | -5,75% | -0,23 |
| IX а | 4,37 | VIII а | 4,21 | 3,80% | 0,16 |
| IX б | 4,16 | VIII б | 3,91 | 6,39% | 0,25 |
| | | | | | |
| IV-V | 4,55 | IV-V | 4,33 | 5,11% | 0,22 |
| VI-IX | 4,27 | VI-VIII | 4,22 | 1,11% | 0,05 |
| IV-IX | 4,37 | IV-VIII | 4,27 | 2,52% | 0,11 |

**Средниот успех на учениците од IV–IX одд. е 4,37. Успехот е повисок за 0,1 во однос на минатата учебна година.**

**Табела бр.8 Коефициент на  континуитет на успехот**

| | учебни години | | |
|---|---|---|---|
| | 2022 | 2023 | 2024 |
| среден успех на полугодие | 3,93 | 3,91 | 4,01 |
| среден успех на крај на УГ | 4,07 | 4,06 | 3,96 |
| **годишен коефициент на континуитет на  успехот** | **0,97** | **0,96** | **1,01** |

| | |
|---|---|
| **Коефициент** | **0,980427** |

**Констатации:**

**Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е 0,98. Нема значителни отстапувања на успехот на учениците во третиот образовен период на образование на полугодие и крај на учебна година континуирано во последните три години согласно индикаторите за успешност од ДПИ.**

## Табела бр.9 Среден успех по наставни предмети во учебната 2023/24 година

| | VI | VII | VIII | IX | Просек |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 4,08 | 4,34 | 3,65 | 4,19 | 4,07 |
| Англиски јазик | 4,02 | 4,28 | 3,86 | 4,46 | 4,16 |
| Француски јазик | 4,19 | 4 | 3,58 | 4,04 | 3,95 |
| Математика | 3,84 | 4,07 | 3,09 | 3,5 | 3,63 |
| Историја | 4,05 | 4,28 | 3,98 | 4,32 | 4,16 |
| Географија | 4,24 | 4,34 | 3,99 | 4,26 | 4,21 |
| Биологија | | 4,21 | 3,09 | 4,11 | 3,80 |
| Хемија | | | 3,09 | 3,39 | 3,24 |
| Физика | | | 3,09 | 3,54 | 3,32 |
| Граѓанска образование | 5 | | 3,72 | 4,19 | 4,30 |
| Техничко Обр. (VI) | 5 | | | | 5,00 |
| Информатика | 5 | 4,59 | | | 4,80 |
| Музичко образование | 4,76 | 4,72 | 4,88 | 4,76 | 4,78 |
| Ликовно образование | 5 | 5 | 4,91 | 5 | 4,98 |
| Етика (VII) | | 4,48 | | | 4,48 |
| Природни науки | 4 | | | | 4,00 |
| Иновации | | | | 4,61 | 4,61 |
| Проект Муз. уметност | | 4,79 | | | 4,79 |
| Проекти од информатика | | | | 4,69 | 4,69 |
| Етика на рел./Зап со р./ Рел. и к.н. | 4,9 | | | | 4,90 |
| Физичко образование | 4,9 | 4,79 | 4,91 | 4,95 | 4,89 |
| Вешт. на жив./восп.за ок. | | | 4,95 | | 4,95 |
| **Просек** | 4,50 | 4,45 | 3,91 | 4,27 | 4,30 |

**Средниот успех по наставни предмети во учебната 2023/24 година е 4,30. Најнизок постигнат успех учениците имаат по наставниот предмет Хемија– 3,24, а највисок постигнат успех имаат по наставниот предмет Ликовно образование ,5.**

**Табела бр. 10 Константност на успехот по наставни предмети 2023/24 година во споредба со учебната 2022/23 година.**

| VI-IX | 2023-24 | 2022-23 | Разлика |
|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 4,07 | 4,04 | 0,03 |
| Англиски јазик | 4,16 | 3,87 | 0,29 |
| Француски јазик | 3,95 | 3,71 | 0,24 |
| Математика | 3,63 | 3,67 | -0,04 |
| Историја | 4,16 | 4,01 | 0,15 |
| Географија | 4,21 | 4,02 | 0,19 |
| Биологија | 3,80 | 3,70 | 0,10 |
| Хемија | 3,24 | 3,41 | -0,17 |
| Физика | 3,32 | 3,41 | -0,10 |
| Граѓанска образование | 4,30 | 4,00 | 0,30 |
| Техничко Обр. (VI) | 5,00 | 4,86 | 0,14 |
| Информатика | 4,80 | 4,59 | 0,21 |
| Музичко образование | 4,78 | 4,62 | 0,16 |
| Ликовно образование | 4,98 | 5,00 | -0,02 |
| Етика (VII) | 4,48 | 4,25 | 0,23 |
| Природни науки | 4,00 | 4,36 | -0,36 |
| Иновации | 4,61 | 4,47 | 0,14 |
| Проект Муз. уметност | 4,79 | 4,77 | 0,02 |
| Проекти од информатика | 4,69 | 4,61 | 0,08 |
| Етика на рел./Зап со р./ Рел. и к.н. | 4,90 | 4,75 | 0,15 |
| Физичко образование | 4,89 | 4,84 | 0,05 |
| Вешт. на жив./восп.за ок. | 4,95 | 4,93 | 0,02 |
| **Просек** | 4,30 | 4,21 | 0,14 |

**Констатација:**

**Средниот успех по наставни предмети во учебната 2023/24 година е 4,30 и е повисок во споредба со минатата учебна година за 0,14 Средниот успех е зголемен по17 наставни предмети, анамален е по 5 наставни предмети.**

Согласно концепцијата за државно тестирањеи законот за основно образование од страна на Државен испитен центар спроведено е преттестирање задржавно тестирање 2023 на учениците од шесто одделение кои минатата учебна година завршиле петто одделение. Целта на националното тестирање е да се обезбедат информации за тоа колку учениците го совладале материјалот предвиден со наставните програми,кои се деловитекаде штоучениците имаат повеќе потешкотии и другиинформации поврзани со позадинските фактори кои влијаат на постигањата

Во учебната 2023/24 година спроведено е лонгитудиалното ТИМСС тестирање на учениците од Vб одделение како дел од меѓународната студија ТИМСС 2023 **(Trends in International Mathematics and Science Study), кое се одржа на 09.05,2024 година во нашето училиште.**

**Станува збор за лонгитудиална** меѓународна студија по математика и природна група на предмети, која ги мери знаењата и способностите на учениците по наведените предмети.

Методологијата на тестирањето се спроведува преку прашалници за ученици, наставници и директори, по што се добиваат резултати за тоа како културната средина, наставната практика, целите на наставните програми и систематското уредување на образованието, влијаат врз постигањата на учениците. Притоа, мерењето на постигнувањата во оваа студија има две димензии: содржинска и когнитивна. Главен организатор на студијата ТИМСС е Меѓународната организација за вреднување на образовните постигања (IEA – International Association for the Evaluation of Educational Achievement), додека пак, со активностите раководи Меѓународниот студиски центар во Бостон (International Study Center, ISC).

## 7. Ученички натпревари

На основа Годишната програма за работа на училиштето одржани се планираните ученички натпревари. Најуспешните ученици од училишните натпревари продолжуваат на општински, меѓуопштински, регионални, државни и меѓународни натпревари. Учениците учествуваа на распишани конкурси во училиштето и надвор од него. Училиштето ги стимулира учениците со доделување на Благодарници. Групните и поединечните постигања на учениците се промовираат во рамките на училиштето на завршна приредба и преку Facebook страната на училиштето.
Согласно критериумите утврдени во Правилникот за номинирање, избор и прогласување на ученик на генерација и пофалени ученици во генерацијата IX одделение одд.за истакнат ученик на паралелката од IXа одделение беше прогласена ученичката Ружица Ѓавочанова, а од IXб одделение учениците Симона Лулеџиева, Сара Минова, Магдалена Спасовска и пофален ученик Митко Џишев кои беа наградени со Благодарница и слушалки SONY MDR ZX310 APB. Учениците од IX одделение (10) со континуиран одличен успех беа наградени со Благодарница и книга.

**Прилог 1**:Извештај за реализирани натпревари во учебната 2023/24 година

## 8.Наставни екскурзии

Во учебната 2023/24 година реализирани беа планираните ученички екскурзии согласно Правилникот за начинот на организација и спроведување на екскурзии во основното образование. Согласно Годишната програма на училиштето реализирани се планираните екскурзии:

1.Дводневна наставна екскурзија низ Источна Македонија за учениците од VI одделение – 22– 13 05.2024година;
2. Тридневна настава во природа со учениците од V одделение – 03.04 и 05.05.2024 година;
3. Еднодневна екскурзија за учениците од VIII одделение во Велес и Скопје 23.04.2024година;
4. Еднодневна наставна екскурзија за учениците од III одделение (Разгледување на градот Скопје) на 03.06.2024 година
5. Тридневна наставна екскурзија низ Источна Македонија за учениците од IX одделение од 21- 23.05.2024г.

**Прилог 2**:Извештај за реализирани екскурзии

## 9.Грижа за здравјето на учениците и здравствено воспитание и образование

Училиштето води постојана грижа за здравјето на учениците.

- Редовни се прегледите и вакцините според календарската возраст од страна на Министерството за здравство – Здравствен дом Гевгелија.

-Вакцина -Revaksis за учениците од IX одделение Dite (03.11.2023 год.); -Вакцина MRP за учениците од I одделение (12-13.10.2023г): -Вакцина за учениците од II одделение со Tetraksim вакцина (25.10. 2023 год.);

- Стоматолошки систематски прегледи за учениците од I,III,Vи VII одделение ;
- Систематски прегледи за учениците од I,III,Vи VII одделение ;
- Санитарен преглед за вработените;
- Вежба за евакуација на учениците и вработените -1 минута и 48 секунди 10.11.2023 год.;
- Вежба за евакуација на учениците и вработените -2минута и 5 секунди 21.03.2024 год.;

Едукативни предавања со видео презентација:

- „Промовирање на Протокол за заштита на учениците од насилство во основните училишта“ со Ученичкиот парламент на училиштето-/педагог/;
- По повод Светскиот ден на борба против сидата-Презентација и работилница со учениците од IX одделение на тема „Сида- можности за превенција и заштита“./психолог/;
- Едукативен час за пубертет кај девојчиња од 5 и 6 одделениеод страна на Агенцијата Греј Ворлдвајд, модератор Елена Толева Чакарова;

- Во рамки на Програмата „Образование за животни вештини“ реализирани се 638 работилници;

## 10.Инклузија на деца со посебни потреби

- Наставата за учениците со попреченост во училиштето се реализира според Индивидуален образовен план на наставните програми;
- Индивидуалиот образовен план вклучува адаптација во резултатите од учењето на наставната програма, воведување специфични активности и методи што овозможуваат постигнување на резултатите од учењето;
- Во училиштето има ученици 3 ученика во I,III и VIII одд. кои се категоризирани со документ во педагошката евиденција и документација од кои 2 ученика работат со поддршка на образовен асистент според ИОП изготвен од инклузивниот тим.Со специфични потешкотии во учењето има 2 ученика од I –IXодделение..

**Прилог3:** Годишен извештај за работата на Инклузивниот тим во ООУ „ Петар Мусев“ Богданци во учебната 2023/24 година

## 11. Воннаставни воспитно образовни активности

- Со видео презентација на тема „Како да се помогне на детето првачe“ и „Пораки до родителите “(педагог, психолог) беше одбележан првиот училишен ден на учениците-првачињата.
- Одбележан 22 Септември – Меѓународниот ден без автомобили со следните активности: Пешачење на учениците од второ до четврто одделение од училиштето до Спортската сака „Млаз“; Возење велосипеди на игралиштето во училиштето од страна на учениците од Vи VI одд.;
- Во рамките на Детската недела 2023 реализирани се следните активности: Свечен прием на првачињата во Детската организација со давање свечена заклетва; Сликање на бетон со креди во боја во училишниот двор (I-Vодд,); Полагање свежо цвеќе на бистите во градскиот парк по повод 10 Октомври – Денот на ослободувањето на Богданци (V одделение);
- Учениците од VI и VII одделение се вклучија во активностите за одбележување на Детската недела со пишување на лични творби кои беа објавени на FB страната на училиштето;
- Театарска претстава „Разгалениот принц“ во ЈОУДК „Бранд Петрушев“-Богданци за учениците од I до V одделение;
- По повод 10 Октомври- Денот на ослободувањето на Богданци ученици од нашето училиште се вклучија во активностите за одбележување на празникот со учество на улични трки, полагање на цвеќе на спомен бистите во градскиот парк и учество во Свечена Програма.

- Со пригодна културно уметничка програма (музичката, литературната и драмската секција) беа одбележани Новогодишните празници;
- Со пригодна културно уметничка програма беа одбележани Новогодишните празници во ПУ –Ѓавото
- Во рамките на проектот Е-твининг „Зборувај бинарно цел свет да те разбере“ се одржа новогодишна работилница за изработка на новогодишни честитки и беше организиран Новогодишен базар со цел средствата собрани од продажба на новогодишни честитки да бидат наменети за хуманитарни цели;
- Одбележана е Европската недела на спортот со заеднички активности – игри без граници на општинско ниво со учениците од ООУ„Кирил и Методиј“-Стојаково;
- Во рамки на Проектот „Фудбал во училиште“, а во соработка со ФФМ, училиштата кои имаат најмалку по 2 паралелки во генерација од II до V одделение, реализирани се натпревари меѓу екипи ученици од различни одделенија во периодот од октомври до декември;
- Одбележан е денот на средновековниот математичар Леонардо Фибоначи со училишен проект организиран од наставничката по математика Адријана Тодорова и наставникот по информатика Богомил Марков со учениците од VIII и IVодделение.Во проектот учество зедоа и наставничките од одделенска настава, Соња Лазарова и Силвана Маџирова. Проектот има за цел меѓуученичка соработка.
- 2 Декември е посветен на компјутерската писменост. Нашето училиште го одбележа денот со организирање на проект во кој учениците од деветто одделение подготвија активности и презентиции за учениците од осмо одделение, под менторство на наставникот Богомил Марков и учениците.
- По повод 3ти Декември - Меѓународен ден на лицата со попреченост од страна на Ученичката заедница на училиштето беше организирана хуманитарна акција, донирани беа хранливи продукти наменети за готварска работилница во Центарот за лица со ментална и телесна попреченост во Гевгелија;
- Предавање на тема „Како учам“ за учениците од VI одделение (педагог);
- Одбележан е празникот 8 Декември –„ Св. Климент Охридски“со литературно читање од страна на учениците од II б одд. на тема „Еден народ ќе живее се додека постои светлината на зборот запишан на јазикот негов;
- Во рамките на наставниот предмет Запознавање на религиите, а по повод верскиот празник Св. Фануриј, заштитник на учениците и наставниците, учениците од VI одделение присуствуваа на Божественат литургија и молебен во црквата Св. Атанасиј Велики во Богданци;
- Театарска претстава „Далматинко и Дедо Мраз“за учениците од I до V одделение во ЈОУДК „Бранд Петрушев“-Богданци;
- Конференција за тинејџери „Од другата страна на екранот“ за учениците од IX одделение на тема : „Нешта кои можеби не ги знаеме за нашето виртуелно однесување“ во Домот на Култура – Гевгелија;
- Учениците од ООУ„Петар Мусев“ во соработка со Општина Богданци изработи проект за уредување на вештачката акумулација „Паљурци“. Изработени се 9 табли од природно дрво на кои има информации и занимливости за Богданци, околината и

местоста, како и еколошки пораки и истите беа изложени во ЈОУДК „Бранд Петрушев“ – Богданци по повод Денот на Општината.

- Учество на ученичката Ања Алиевиќ од Vа одделение на 22 Фестивал на детски песни „Песни под елката“ 2023 во Штип.
- Куклена претстава за учениците од I – Vодделение „Другарство“ во Дом на култура „Бранд Петрушев“ –Богданци;
- Учество на ученици од нашето училиште на Априлијада 2024 година – Маскенбал по повод денот на шегата;
- 
- Презентација „Параглајдерство“ за учениците од VI –IX одделение од страна на Претседателот на клубот Кес-Пеликан –екстрем, Лазар Стамков;
- Учемиците од IXб одделение, членови на научниот клубкои активно работеа на неколку меѓународни проекти под менторство на наставничката Адријана Тодорова беа во посета на Природно –научниот музеј во Дојран.
- Етвининг проектот „СТЕМ во природата“ кој се организираше од месец февруари до месец мај2024 година  со учениците од IXб одделение награден е со национална ознака за квалитет;
- Свечено беше одбележан Патрониот празник на училиштето со следните активности: Полагање свежо цвеќе на спомен бистите во градскиот парк; Спортски натпревари; Културно уметничка програма  и коктел;
- Учество на настан „Ден на Астрагалусот“  во организација на здружението  за развој, едукација и еколошка етика „Полимат 13“;
- Во второто полугодие од учебната 2023/24 година беше реализиран Етвининг проект„ „Математика преку игра“ со учениците од VIIа одделение под менторство на наставничката Адријана Тодорова, награден е со ознака за квалитет;
- Учениците од I – V одделенија го посетија Детскиот фестивал „Калинка 2024“- Гевгелија

## 12. Антикорупциска едукација на учениците во основното образование

ООУ „Петар Мусев“ Богданци има спроведено и реализирано активности од аспект на антикорупциска едукација согласно дадените напатствија од Министерство за образование и наука и Биро за развој на образование. Активностите се планирани во рамките на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година. Наставниците реализираа содржини со планирани цели поврзани со антикорупциска едукација, подготвени се прашалници за анкетирање за ученици со цел утврдување на нивното предзнаење за антикорупциската едукација.

Од планираните активности за антикорупциска едукација на учениците во учебната 2023/24 година, ООУ„ Петар Мусев “Богданци има спроведено активности преку работилници, презентации и предавања согласно наставната програма по граѓанско образование преку следните наставни содржини: Причини и последици од корупцијата; Стекнување на основни знаења за корупција –антикорупција; Преку програмата за

Образование за животни вештини, реализирани се предавања и работилници на часовите на одделенска заедница со содржини од антикорипциска едукација: Основни човекови права, Институција за заштита и безбедност- Народен правобранител ипреку популаризација на борба против корупција: Новогодишна претстава „ Заплети и расплети“ во изведба на учениците од IX одделение. Од програмата за предметот Историја и Општество (четврто одделение) реализирани се предавања со содржина од антикорупциска едукација : Непотизам , мито и корупција; како и на одредени часови по предметот македонски јазик со наставни содржини од антикорупциска едукација на учениците.

Активности за антикорупциска едукација се реализирани во следните наставни предмети: граѓанско образование, образование за животни вештини, историја и општество, македонски јазик.

## 13. Учество на учениците во Ученички парламент

Сите ученици во училиштето ја сочинуваат Училишната заедница со право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште.Според член 68 (став 3 и 4) за организирано остварување на интересите на учениците во училиштето, учениците се организираат во заедница на паралелка и Ученички парламент. Ученичкиот парламент е облик на организирање на учениците на ниво на училиште, а го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките во училиштето. Конститутивната седница на Ученичкиот парламент беше одржана на 4.09.2023 година и со неа претседаваше директорот на училиштето. Изборот на претседател и заменик претседател беа направени по пат на тајно гласање со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници на заедниците на паралелките. За претседател на Ученичкиот парламент беше избрана ученишката Аника Чавдарова од IX одделение, а за заменик претседател беше избран ученикот Ратко Прочков од IXб одделение. Овие ученици беа избрани за претставници од учениците кои ќе ги застапуваат интересите на учениците и ќе присуствуваат на состаноците на Наставнички совет, Совет на родители и Училишниот одбор. На состаноците свое учество земаат директорот, педагогот и психологот. Во текот на првото полугодие од учебната 2023/24 година одржани се 3 состанокана кои се дискутираше за прашања од интерес на учениците.

## 14. Ученички правобранител

Во согласност со член 68 од Законот за основно образование образование („Службен весник на Р.С Македонија“, бр. 161 од 05.08.2019 и 229/20), во ООУ “Петар Мусев“ извршен е избор на Ученички правобранител. На демократски избори со сите ученици од VII – IX одд, за правобранител беше избрана ученичката Вања Милосавлевиќ од IX а. Следењето на работата на Ученичкиот правобранител беше спроведена од страна на Директорот и стручната служба во училиштето.

## 15. Редовност на учениците

Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите/старателите, институциите (МТСП, центри за социјална работа и сл.), локалната

самоуправа и со граѓанските организации за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Училиштето презема посебни мерки за редовно посетување на наставата од страна на ученици од ранливи категории, кои даваат резултати.

**Табела бр.11 Редовност на учениците**

| Редовност на учениците - учебна 2023-24 година | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одделение | Број на ученици | Оправдани | | Неоправдани | | Вкупно | |
| | | Вкупно | Просек | Вкупно | Просек | Вкупно | Просек |
| I | 44 | 594 | 13,50 | 0 | 0,00 | 594 | 13,50 |
| II | 46 | 504 | 10,96 | 0 | 0,00 | 504 | 10,96 |
| III | 56 | 339 | 6,05 | 0 | 0,00 | 339 | 6,05 |
| IV | 51 | 887 | 17,39 | 0 | 0,00 | 887 | 17,39 |
| V | 53 | 180 | 3,40 | 0 | 0,00 | 180 | 3,40 |
| VI | 38 | 855 | 22,50 | 0 | 0,00 | 855 | 22,50 |
| VII | 29 | 505 | 17,41 | 7 | 0,24 | 512 | 17,66 |
| VIII | 43 | 473 | 11,00 | 19 | 0,44 | 492 | 11,44 |
| IX | 46 | 1589 | 34,54 | 14 | 0,30 | 1603 | 34,85 |
| **Вкупно** | **406** | **5926** | **14,60** | **40** | **0,10** | **5966** | **14,69** |

**Во учебната 2023/24 година направени се вкупно 5966изостаноци, просек 14,7. Од нив оправдани се 5926, просек 14,6, а неоправдани изостаноци има 40или просек 0,1. Најмногу изостаноци има во IX одделение, а најмалку во V одделение.**

Причини за неоправдани изостаноци:

Самоволно напуштил5
Доцнина 1 час 23
Доцни меѓу часови 6
Нема оправдание6

Вкупно 40 неоправдани изостаноци.

**Констатации:**
**Во споредба со минатата учебна година, бројот на неоправдани изостаноци е намален за 91, а бројот на оправдани изостаноци е зголемен за за 176.За надминување на проблемот со неоправдано отсуство од настава, училиштето ги превзема следните мерки: советодавна работа со учениците, писмено известување до родителите и повикување на разговор во училиштето.**

## 16. Поведение и изречени педагошки мерки

**Поведение**

| Вид на поведение | Одделенија | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** |
| Примерно | **44** | **46** | **56** | **51** | **53** | **38** | **29** | **43** | **46** |
| Добро | | | | | | | | | |
| Незадоволително | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | **44** | **46** | **56** | **51** | **53** | **38** | **29** | **43** | **46** |

**Поведението е примерно за сите 406 ученика.**
**На основа Правилникот за педагошки мерки во учебната 2023/24година изречени се 10 педагошка мерки и тоа:**

**Педагошки мерки**

| **Педагошки мерки** | **Број на изречени педагошки мерки** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** | **Вкупно** |
| **Усна опомена** | | | **1** | **2** | **3** |
| **Писмена опомена** | | | **2** | **5** | **7** |
| **Укор** | | | | | |
| **Намалено поведение (добро)** | | | | | |
| **Вкупно** | | | **3** | **7** | **10** |

## 17. Соработка со родители

Соработката со родителите се одвиваше преку повеќе видови форми: родителски средби, месечни средби, средба по интерес на родителот, по покана на родителот, телефонски контакт и слично. Во учебната 2023/24 година остварени се вкупно  2499средби, контакти со родителите со просек 6,2.

Со воведување на задолжителна Советодавна работа со родители за учениците кои покажуваат намален успех, имаат неоправдани отсуства и ученици кои манифестираат асоцијално поведение организирана е советодавна работа од страна на психологот.Училиштето ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Советувањата на родители/старатели резултираат со подобрување на постигањата на учениците. Советувањата на учениците, во најголем број придонесуваат за подобрување на успехот, редовноста и однесувањето.

За информирање на родителите за Годишната програма за работа на училиштето, подготвен е **Информатор**.Информаторот е доставен до членовите на Советот на родители, членовите на на Училишниот одбор, наставниците и до Општина-Богданци.

## 18.Соработка со други институции

Во рамките на програмата за мерките и активностите на Општина Богданци во областа на социјалната заштита во 2023 година доделени се финансиски средства (38000 денари) за купување облека на социјално ранлива категорија на ученици (20).

Донација за учениците од прво одделение (43маици) од страна на г-ѓа Станка Попристова по повод 10 Октомври-Денот на ослободувањето на Богданци;

Прием кај претседателот на РМ, Стево Пендаровски на ученичката Катја Гогова и нејзиниот ментор, Оливера Прочкова Узунова по повод пласманот во финалето на меѓународната Олимпијада по англиски јазик –HIPPO во Рим;

Училиштето е отворено за соработка и соработува со повеќе институции како Медицински Центар, Центар за социјална работа, Дом на култура, МВР, други основни, средни училишта и Детската градинка од Богданци,Црвен крст, невладини организации и други кои се заинтересирани за соработка и заедничко делување на соодветни подрачја.

Соработката на училиштето со МОН, Биро за развој на образованието и Локалната Самоуправа како и Градоначалникот на Општината е од посебно значење и се реализира континуирано и доста успешно.

## 19. Педагошка евиденција и документација

Педагошка евиденција и документација се води според Законските прописи и е во согласност со временските рокови.

Без посебни проблеми редовно се води електронската евиденција во која увид имаат и родителите на учениците.

## 20. Констатации, заклучоци и предлог мерки

На основа наГодишниот извештај се констатира следново:

**Констатации:**

- Согласно Наставниот план и програма од I -IX одделение за учебната 2023/24 година планирани се 25126 часа, а реализирани 24906 часа или 99,12%;
- Часовите од задолжителната настава за учебната 2023/24 година се планирани со 19368, а реализирани се **19338** часа или **99,85%;**
- Во учебната 2023/24 година реализирани се **685** часа од додатна настава или100,15 % од планираните на годишно ниво, а дополнителна 616 часа или 90,06%.
- Средниот успех на учениците од IV-IX е 4,37и е повисок во односна минатата учебна година за 0,1;
- Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е 0,98. Нема значителни отстапувања на успехот на учениците во третиот образовен период на образование на полугодие и крај на учебна година континуирано во последните три години согласно индикаторите за успешност од ДПИ.
- Во учебната 2023/24 година направени се вкупно 5966 изостаноци, просек 14,7. Од нив оправдани се **5926,** просек 14,6 а неоправдани изостаноци има 40 или просек 0,1.Во споредба со минатата учебна година, бројот на неоправдани изостаноци е намален за 91, а бројот на оправдани изостаноци е зголемен за за 176.
- Подобрена е состојбата со нагледни и технички средства;
- Професионалниот развој на наставниците, /екстерно и интерно/ се одвиваше според динамиката предвидена од БРО и МОН и Програмите на наставниците-обучувачи кои се обврзани да го пренесат стекнатото знаење од следење на семинарите- Проекти ;
- Продолжува соработката со партнерското училиште „Мехмет Дерала “ од село Градец, Општина Врапчиште;
- Училиштето ја продолжува успешната соработка со локалната средина, општината, меѓународните организации, невладини организации преку разни проекти,хуманитарни акции и други активности;
- Условите за работа во училиштето поради прокиснување на кровот по реновирањето во 2021 се влошени.

**Отворени проблеми и потреби на училиштето**

- Значително прокиснување на кровот на училиштето после реновирање во 2021;
- Замена на подовите;
- Целосно реновирање на фасадата на зградата во Богданци;
- Изградба на фискултурна сала;

Содржинска и техничка изработка на текстуален и статистички Извештај:
Снежана Енџекчева - педагог
Невена Петрушева – психолог
Елисавета Карастојанова - дефектолог

ИЗВЕШТАЈОТ Е РАЗГЛЕДАН НА НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА ДЕН 13.08.2024год.
УЧИЛИШЕН ОДБОР НА 13.08.2024год.

Претседател на Училишен одбор: Директор

__________________ __________________

Павлинка Карапуцева Атанас Нанчев

**Прилог1**

**Извештај за реализирани натпревари во учебната 2023/2024 година.**

| **Датум на оддржување** | **Организатор** | **Натпревар /конкурс** | **Учесници** | **Ментор** | **Освоена награда** |
|---|---|---|---|---|---|
| 27-01.09.2023 | Hippo Olympiad of English, Рим | Учество на Хипо Олимпијада во Рим | Катја Гогова – учник во Va одд. | Оливера Прочкова Узунова | Освоено 7 место |
| 10.10.20023 | Опшина Богданци | Учество во спортски активности по повод Денот на ослободувањето на Богдаци – 10Октомври | Ученици од VIII и IX одделение | Сашко ПетрушевТом е Попов Тодор Анчев | Наградени ученици: 1м. Стефан Гошевски Iха 2м. Славе ВасиќIХа 2м.Максим Ангов Va женски: 1м. Вања Милосавлевиќ Iха 2м.Софија Коцева Iхб2м.Мелани Ивановска VI 3м. Марија Енџекчева VI |
| 06.11.2023 | Богданци | Општински натпревар во фудбал – машки | Ученици од VIII и IX одделениеЕки па – машки | Сашко Петрушев | 2 место |
| 06.11.2023 | Богданци | Општински натпревар во кошарка- машки и женски | Ученици од VIII и IX одделение | Сашко Петрушев | 1 место |
| 06.11.2023 | Богданци | Општински натпревар во ракомет- машки и женски | Ученици од VIII и IX одделение | Сашко Петрушев | 1 место |
| 06.11.2023 | Богданци | Општински натпревар во одбојка- машки и женски | Ученици од VIII и IX одделение | Сашко Петрушев | 1 место |
| 07.11.2023 | Богданци | Меѓуопштински натпревар во кошарка –машки | Екипа – машки | Сашко Петрушев | 1 место |
| 07.11.2023 | Богданци | Меѓуопштински натпревар во кошарка –женски | Екипа – женски | Сашко Петрушев | 1 место |
| 07.11.2023 | Богданци | Меѓуопштински натпревар во | Екипа – машки | Сашко Петрушев | 1 место |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ракомет–машки | | | |
| 07.11.2023 | Богданци | Меѓуопштински натпревар во ракомет –женски | Екипа – женски | Сашко Петрушев | 1 место |
| 07.11.2023 | Богданци | Меѓуопштински одбојка–женски | Екипа – женски | Сашко Петрушев | 1 место |
| 07.11.2023 | Богданци | Меѓуопштински одбојка–женски | Екипа – женски | Сашко Петрушев | 1 место |
| 18.11.2023 | Неготино | Регионален натпревар по македонски јазик | Катерина Чрчева Софија Проданова | Софче Петрушева Катерина Чрчева | Учество: Сара Минова 2место Аника Чавдарова 2 место Матеа Стратрова и учество на Државен натпревар |
| 21.11.2023 | Велес | Зонски натпревар во ракомет – женски | Екипа – женски | Сашко Петрушев | 2 место |
| 23.11.2023 | Богданци | Зонски натпревар во кошарка – женски | Екипа – женски | Сашко Петрушев | 1 место |
| 04.12.2023 | Велес | Зонски натпревар во кошарка машки | Екипа – машки | Сашко Петрушев | 1место |
| 16.12.2023 година | Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје | Државен натпревар по македонски јазик | Учесник Матеа Стратрова VIIa | Софија Петрушева | Учесник Матеа Стратрова VIIa |
| 22.12.2023 година | ООУ„Петар Мусев“ – Богданци | Новогодишен училишен конкурс „Новогодишна математичка приказна“ | Ученици од IV до IX одд. | Адријана Тодорова | **Прва награда** Андреа Узунова Александра Маркова Сара Минова Антонела Спасовска **Втора награда**Мелита Ампов Митко Џишев **Трета награда** Катја Гогова Максим Ангов **Пофалени** Ивона Данаилова Благој Стојчев Коста Попристовски Живкица Џицева |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 22.12.2023 година | ООУ„Петар Мусев" – Богданци | Училишен натпревар по математика | Ученици од IV до IX одд | Адријана Тодорова<br>Марија Петрушева<br>Соња Лазарова<br>Силвана Маџирова<br>Лила Станчева<br>Ванга Ванчева | **IV одд,**I награда Сара Станчева Ivб<br>I награда Христина Тодорова **Ivaодд.**<br>I награда Давид Милковски Ivб<br>II награда Љубица Младеновска Ivб<br>II награда Тома Дронов Ivб<br>III награда Алек Паунков Ivб<br>**Пофалени** Иван Ампов **Ivaодд.**<br>Костадин Минев **Ivaодд.**<br>Драган Георгиев<br>Благој Сапламаев **Ivaодд.**<br>I наградаКоста Попристовски V aI награда Благој Стојчев V aII награда Катја Гогова V aIII награда Тамара Џицева V aIII награда Мелита Ампов V a**Пофалени** Ивона ДанаиловаV а<br>Максим Ангов V a |
| 26.01.2024 г. | ООУ„Петар Мусев" – Богданци | Училишен натпревар по географија | Ученици од VII одд. | Дитка Дронова | 1м. Емилија СтамноваVIIa<br>2м. Матеа Стратрова VIIa<br>3м. Јована Дронова VIIa |
| 02.02.2024 година | ООУ„Петар Мусев" – Богданци | Општински натпревар по математика | Ученици од IV и V одд | Соња Лазарова<br>Лила Станчева | I награда Коста Попристовски V aI награда Благоја Стојчев V aII награда Катја Гогова V a<br>Пофалена Сара Станчева Ivб |
| 09.02.2024 година | ООУ„Ристо Шуклев" – Негорци | Општински натпревар по физика | Ученици од VIII и IX одд | Магдалена Цотова | Пласман за учество на Регионален натпревар – Аника Чавдарова VIIIб |
| 16.02.2024 | ООУ„Петар | Општинскки | Ученици од | Фиданка | 1 награда – Ива |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| година | Мусев“ – Богданци | онлајн натпревар по биологија | VIII | Енџекчева | Шапкарова VIIIб<br>1I награда – Пене Енџекчев VIIIв |
| 17.02,2024 година | ООУ„Петар Мусев“ – Богданци | Општинскки онлајн натпревар по географија | Ученици од VIII и IX одд | Дитка Дронова | 1м. Аника Чавдарова VIIIб 1м.Сара Минова IXб<br>Учество на Регионален Јована Дронова VIIа |
| 17.02.2024 година | СОУ„Богданци“ - Богданци | Литературен и ликовен конкурс по повод Патрониот празник на СОУ„Богданци“ – Богданци на тема 1. „Не сонувај го животот, живеј го својот сон“ 2. „Кога се е тивко книгата ме води“ | Ученици од VI до IX одд. | Катерина Чрчева<br><br>Софија Петрушева Перо Танчев | Категорија Литературен конкурс<br>I награда Симона Лулеџиева IXб<br>II награда Вања Милосавлевиќ IX aIII награда Влатко Иванов VIIб<br>Категорија Ликовен конкурс<br>I награда Јована Петрова IX aII награда Емилија Стамнова VIIа |
| 20.02.2024 година | ООУ„Петар Мусев“ – Богданци | Училишен натпревар по англиски јазик | Ученици од V до IX одд. | Томида Окова Попова Оливера Пеочкова Узунова Верица Танева | 1м. Благој Стојчев Va<br>2м. Коста Попристовски Va<br>2м. Катја ГоговаVa<br>3м. Тамара Џиџева Va<br><br>1м. Бојана Дупјачанец VIб<br>2м. Теодора Шутарова VIв<br>3м. Јован Чавдарова VIб<br><br>1м. Емилија СтамноваVIIа<br>2м. Фидани Попова VIIа<br>3м. Јована Дронова VIIа<br><br>1м. Аника Чавдарова VIIIб<br>2м. Анастасија Шапкарова VIIIб<br>3м. Ивана Проданова VIIIа<br><br>1м. Митко Џишев IX б 2м. Симона Лулеџиева IXб |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 3м. Ангела Стојкова IXб |
| 23.02.2024 година | ООУ„Петар Мусев“ – Богданци | Општински онлајн натпревар по природни науки | Ученици од VI одделение | Фиданка Енџекчева | III награда Живкица Џиџева VI |
| 23.02.2024 година | ООУ„Петар Мусев“ – Богданци | Општински онлајн натпревар по хемија | Ученици од VIII и IX одд | Фиданка Енџекчева | 1I награда – Ива Шапкарова VIIIб<br>1I награда – Пене Енџекчев VIIIв<br>III награда - Ружица Ѓавочанова IX а III награда - Антонела Спасовска IXб |
| 02,03.2024 година | ООУ„Крсте Мисирков“ - Гевгелија | Регионален натпревар по математика | Ученици од IV и V одд | Соња Лазарова Лила Станчева | I награда Благоја Стојчев V aII награда Коста Попристовски Va Пофалена Сара Станчева Ivб |
| 15.03.2024 година | ООУ„Петар Мусев“ – Богданци | Меѓународен натпревар по англиски јазик - HIPO | Ученици од V до IX одд. | Томида Окова Попова Оливера Пеочкова Узунова Верица Танева | На следно ниво продолжуваат :Митко Џишев IX б , Бојана Дупјачанец VIб, ДанаПачиколеваV а, Јана Дупјачанец VIб,Коста Попристовски Va, Теодора Шутарова VIв |
| 16.03.2024 година | ООУ„Владо Кантарџиев“-Гевгелија | Општински натпревар по англиски јазик | Ученици од V до IX одд. | Томида Окова Попова Оливера Пеочкова Узунова Верица Танева | На Регионален продолжуваат: Емилија Стамнова VIIa и Бојана Дупјачанец VIб |
| 16.03.2024 година | ООУ„Владо Кантарџиев“-Гевгелија | Регионален натпревар по географија | Ученици од VII одд. до IX одд. | Дитка Дронова | 1место - Јована Дронова VIIa |
| 21.03.2024 година | Здружение на математичари „Армаганка“ | Меѓународниот натпревар по Математика – Кенгур 2024 | Ученици од II-IX одд. | Стефана Демерџиева Кристина Каракабакова Милица Данаилова Наталија Манолева Ванга Ванчева Соња Лазарова Силвана | Наградени се 78 ученици од II-IX одд. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Маџиорва Марија Петрушева Адријана Тодорова | |
| 18.03.2024 година | Македонска Банкарска Асоцијација | Национален натпревар„Европски квиз на пари | Ученици од IX одд. | Јованка Прошева | Учесници на натпреварот ученици од IX одд. |
| 23.03,2024 година | Во рамки на манифестацијата „Денови на поезијата“-Скопје | Државен рецитаторски натпревар | Ученици од VII одд. до IX одд. | Катерина Чрчева<br><br>Софија Петрушева | Учесници на натпреварот: Антонела Спасовска IXб и Ивана ПрошеваVIIб |
| 22.03.2024 година | ООУ„Петар Мусев“ – Богданци | Училишен натпревар по македонски јазик | Ученици од VIII одд. до IX | Катерина Чрчева Софија Петрушева | 1м. Рената Тренчовска VIIIб 1м. Ангела Стојкова IXб 2м. Сара Минова IXб 3м. Антонела Спасовска IXб |
| 29.03.2024 година | Сојуз на биолози на Македонија | Регионален онлајн натпревар по биологија | Ученици од VIII | Фиданка Енџекчева | 1 награда – Ива Шапкарова VIIIб<br>III награда – Пене Енџекчев VIIIв |
| 01.04.2024година | Општина Богданци ООУ„Петар Мусев“ - Богданци | Априлијада 2024 | Ученици од I -IX одделение | Одделенски раководители: Срефана Демерџиева Кристина Каракабакова Наталија Манолева Милица Данаилова Соња Лазарова Силвана Маџирова Милица Ван гелова Ангелина А.Каракабаков Катерина Чрчева | Наградени маски:<br>II награда Групна маска „Ролеркостер“– Va одд.<br>III награда- Групна маска: „Индијанци од Богданци“ IIa |
| 11.04. 2024година | Велес | Регионален натпреварво кошарка | Екипа – женски | Сашко Петрушев | 3 место |
| 13.04. 2024година | Неготино | Регионален натпревар по македонски јазик и литература | Учесници: Петар Ѓорбашлиев, Матеа Стратрова VIIa, Рената Тренчовска | Катерина Чрчева Софија Петрушева | 2 место – Петар Ѓорбашлиев VIa и учество на Државен натпревар<br>3место – Матеа Стратрова VIIa |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | VIIIб и Ангела Стојкова IXб | | |
| 13.04. 2024година | Велес | Регионален натпревар по хемија | | Фиданка Енџекчева | III награда Антонела Спасовска IXб<br>Пофалница Ива Шапкарова VIIIб Пофалница Ружица Ѓавочанова IX аучество – Пене Енџекчев VIIIв |
| 13.04. 2024година | ООУ„Владо Кантарџиев“-Гевгелија | Регионален натпревар по англиски јазик | Учесници: Бојана Дупјачанец VIб и Емилија Стамнова VIIа | Томида Окова Попова Оливера Пеочкова Узунова Верица Танева | Учесници: Бојана Дупјачанец VIб и Емилија Стамнова VIIа |
| 16.04. 2024година | Струмица | Регионален натпреварво ракомет | Екипа – машки | Сашко Петрушев | 1место |
| 18.04. 2024година | Струга | Државен натпреварво ракомет | Екипа – машки | Сашко Петрушев | 3 место |
| 19.04. 2024година | ООУ„Петар Мусев“ – Богданци | Државно финале поанглиски јазик HIPO (онлајн) | Ученици од V до IX одд. | Томида Окова Попова Оливера Пеочкова Узунова Верица Танева | Учество:Митко Цишев IX б , Бојана Дупјачанец VIб, ДанаПачиколеваV а, Јана Дупјачанец VIб,Коста Попристовски Va, Теодора Шутарова Viв |
| 17.05.2024 година | Издавачка куќа „Арс Ламина“ | Конкурс за супер читатели | Ученици од II и III одд. | Милица Данаилова Кристина Каракабакова | II награда Христијан Пеев IIб<br>II награда Андреа Узунова IIIа |
| 31.05.2024 година | Сојуз на хемичари и технолози на Македонија | Државен натпревар по хемија | Ива Шапкарова VIIIб | Фиданка Енџекчева | Ива Шапкарова VIIIб |
| 17.05.2024 година | Здружение на математичари „Армаганка“ | Финален натпревар по математика Кенгур 2024 | Ученици од II-IX одд. | Стефана Демерџиева Кристина Каракабакова Милица Данаилова Наталија Манолева Ванга Ванчева | На напреварот зедоа учество 28 ученика |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Соња Лазарова Силвана Маџиорва Марија Петрушева Адријана Тодорова | |
| 01.06.2024 година | Филолошки факултет „Блаже Конески’- Скопје | Државен натпревар по македонски јазик | Учесници Петар Ѓорбашлиев VIа Матеа Стратрова VIIа Ангела Стојкова IXб | Катерина Чрчева Софија Петрушева | Учесници Петар Ѓорбашлиев VIа Матеа Стратрова VIIа Ангела Стојкова IXб |
| 08.06.2024 година | Сојуз на биолози на Македонија | Државен натпревар по биологија | Ива Шапкарова VIIIб | Фиданка Енџекчева | 3место Ива Шапкарова VIIIб |
| | ООУ„Петар Мусев“ – Богданци | Активно учество на учениците во Драмско – рецитаторска секција | Ученици од IX одд. | Катерина Чрчева Софија Петрушева | Сара Минова, Антонела Спасовска, Митко Џишев, Лорета Сапламаева, Сара Бејкова, Рената Дачева, Крсте Чавдаров, Андреј Роглев.Софија Коцева, Вања Милосавлевиќ, Методи Младеновски, Никола Тасев,Тина Станкова, Ангела Стојкова, Симона Лулеџиева Техничка поддршка: Ристе Шапов, Ратко Прочков, Митко Џишев |
| | ООУ„Петар Мусев“ – Богданци | Активно учество на учениците во Хор и оркестар | Ученици од V - IX одд. | Здравко Иљачев | Хор – 31 ученик<br><br>Оркестар- 6 ученика |

Училиштето ги стимулира учениците со доделување на Благодарници.

## Прилог2

## Ученички екскурзии, излети и настава во природа

## ИЗВЕШТАЈ ОД ЕДНОДНЕВНАТА УЧЕНИЧКА ЕКСКУРЗИЈА ВО СКОПЈЕ ИЗВЕДЕНА НА 23.04.2024г. ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД VIII ОДДЕЛЕНИЕ

**Вид екскурзија :**Воспитно-образовен карактер

**Воспитно-образовни цели и задачи:**Учениците ги утврдија стекнатите знаења и иститe ги проширија, разгледаа културно-историски знаменитости и се запознаа со животот и местото на живеење на значајни личности од историјата на македонскиот јазик, го зајакнија патриотското чуство, стекнаа социјални вештини, однесување во група и однесување на јавни места, естеско формирање на личноста, градење позитивен однос кон природата и човековата околината, грижата за себе.

**Очекуваниисходииефекти:** Учениците серекреираа, се дружеа, забавуваа,ги проширија знаењата, развија љубов кон книгата,правиленодносконприродата, ги продлабочија знаењата.

**Време на изведување на екскурзијата:** 23.04. 2024

**Содржини и активности:** Попатна посета на Велес и главниот град Скопје

**Тек на активностите:**

Се тргна во 7 часот наутро од пред училишната зграда.

Пристигнувањето во Велес беше околу 9 часот. Ја посетивме куќата на Кочо Рацин со водич вработен во Музеј на град Велес, а подоцна ја посетивме и куќата на Јордан Хаџи-Константинов Џинот.

Тргнавме кон Скопје, и пристигнавме на Саемот на книгата околу 12.30 часот.

Учениците ги разгледаа штандовите со книги на сите издавачки куќи и имаа можност да предложат наслови кои ќе се набават во одреден број за училишната библиотека.

По предвидениот ручек, учениците посетија 7D кино-претстава што претставуваше сосема ново и забавно искуство за нив.

По завршувањето на претставата, учениците се прошетаа и го разгледаа новиот Ист Гејт Мол, по што се упативме назад кон Богданци и пристигнавме во вечерните часови.

**Техничка организација:**

Патничка агенција „Дори“- Гевгелија

**Начин на финансирање:**

Од страна на родителите

**Стручен тим:**

Софија Петрушева, наставничка по македонски јазик

Ивана Димовска, библиотекарка

**Директор:** Атанас Нанчев

## Извештај од тридневната настава во природа со учениците од V одделение изведена на 20, 21 и 22 мај 2024 година

### 1. Воспитно – образовни цели и задачи

- Учениците стекнаа нови знаења;
- Се запознаа со природните убавини кои нè опкружуваат, како и градење еколошки навики;
- Се запознаа со културно – историските знаменитости, а преку самото тоа градат чувство за патриотизам, толеранција и соживот;
- Се запознаа со стопанско – економските карактеристики на Република Македонија и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви на Републиката.
  Учениците подобро меѓусебно се запознаа, се продлабочи другарството и се надминаа социјалните и националните разлики.

  Се развиваше и негуваше индивидуалната, тандемската и групната работа помеѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста.

  Развијаа смисла за убавото, чување на природата и духовните богатства, формирање навики за организирано културно користење на слободното време.

### 2. Содржини и активности

- Ден 1 – Селото Врутоk и изворот на реката Вардар, Вруток, Св. Јован Бигорски.Попатно хидроцентралите “Шпиље” и “Глобочица”, како и Дебарското езеро.
- Ден 2 – Охрид: Билјанини извори. Плаошник, Канео, црквата Св. Софија, чаршијата во Охрид.
- Ден 3 – Струга: имавме разглед на Мостот на поезијата и чаршијата. Бевме и во посета на куќата на браќата Миладиновци и природно-научниот музеј. Потоа се упативме кон

градот Битола. Таму го посетивме археолошкото наоѓалиште Хераклеа, Широк сокак и музејот на Кемал Ататурк.

3. **Присуство**
- Учениците од V одделение
- Одделенски раководители

4. **Времетраење**
- 3 дена со две ноќевања

5. **Локации за посета и правци на движење**

Се тргна во 7 и 30 часот од автобуската станица во Богданци. Се упативме кон селото Вруток и изворот на реката Вардар, Вруток. Потоа се упативме кон манастирот Св.Јован Бигорски. Попатно имавме разглед на планините и течението на реката Радика. Панорамски се видоа Дебарското езеро и хидроцентралите “Глобочица” и “Шпиље”. Ноќевавме во хотел “Бисер” Струга.

Вториот ден по појадокот го посетивме градот Охрид со неговите знаменитости: Билјанини извори. Плаошник, Канео, црквата Св. Софија, чаршијата во Охрид. Потоа се вративме во хотелот на ручек. После ручекот се одржаа часовите во просторија опремена за одржување на настава. Следеше вечера, мала забава за учениците и ноќевање. Третиот ден после доручекот се упативме кон градот Струга. Таму имавме разглед на Мостот на поезијата и чаршијата. Бевме и во посета на куќата на браќата Миладиновци и природно-научниот музеј. Потоа се упативме кон градот Битола. Таму го посетивме археолошкото наоѓалиште Хераклеа, Широк сокак и музејот на Кемал Ататурк. Во попладневните часови се вративме во Богданци. Предвидената програма со местата за посета и одржаните часови беше целосно реализирана.

6. **Техничка организација –** Туристичката агенција ТА „Дори“ од Гевгелија беше избрана за реализација на екскурзијата од страна на родителите по спроведена постапка за прибирање понуди за организирање екскурзиии настава во природа. Чинеше 6100 денари.
7. **Начин на финансирање –** Од страна на родителите.

**Одделенски раководители:**
Соња Лазарова
Силвана Маџирова

**Директор:**
Атанас Нанчев

## Извештај за тридневна екскурзија за учениците од IX одделение

## низ Западна Македонија

На 21,22 и 23.5.2024 година се реализираше тридневна екскурзија на на која се стекна знаења на повеќе теми.
Учениците ги разгледаа културно-историски знаменитости и се запознаа со историјата на македонскиот јазик и литература.

Изведувач на тридневната екскурзија беше туристичката агенција „Дори“ од Гевгелија. Со учениците беа нивните одделенски раководители Елеонора Трајкова и Катерина Чрчева, како и водич од агенцијата и лекар. На екскурзијата беа присутни 45 ученика. Тргнувањето беше во 7.30 часот од автобуската станица - Богданци . Се упативме кон Крушево. По пат учениците разгледуваа и се запознаваа со релјефот во овој дел на нашата земја (планини, котлини, речни долини) и со ова разгледување ги проширија своите знаења по географија при што имаа можност да поставуваат прашања кои ги интересираат. Со самото пристигнување во Крушево ги посетија Спомен куќата на “Тодор Проески“, споменикот “Македониум“, споменикот “Мечкин Камен“ и црквата “Св. Никола“. Од посетата на овие споменици учениците ги проширија своите знаења по историја и културниот живот во нашата земја. Потоа се упативме кон Охрид. Таму се сместија и распоредија учениците по распределените соби. Следуваше вечера и ноќевање во Охрид. Наредниот ден после појадокот имаше посета на Вевчани, Струга, Калишта и Билјанини извори. При посетата на Вевчани учениците ги видоа изворите и дискутираа за обновливи извори на енергија и нивната моќност, убавата природа и старата архитектура. Потоа следуваше посетата на Струга со посета на Природонаучниот музеј со што ги проширија и надополнија своите знаења од биологија. Ги посетивме Билјанините извори а после ручекот во хотелот имавме слободно време за прошетка низ Охрид каде што учениците се запознаа дополнително со архитектурата и историјата на овој град, По посетата на Охрид учениците се вратија во хотелот на вечера и ноќевање. Следниот ден по појадокот се одеше кон Бигорски манастир – “ Св. Јован Крстител“, каде што учениците се запознаа со историјата на манастирот. По патот го разгледуваа релјефот во овој дел на Република Северна Македонија, планините и долината на река Радика и можеа да направат споредба за различните релјефни карактеристики во нашата земја. Наредна дестинација беше Скопје каде учениците ручаа, а потоа го посетија Музејот на Националната борба на Македонија, Музејот на Холокаусот, преку Камениот мост ги разгледаа спомениците на плоштад Македонија .Ја посетивме и куќата на Мајка Тереза. Од посетата на овие споменици учениците ги проширија своите знаења по историја и културниот живот во нашата земја. Во попладневните часови се тргна кон Богданци, а пристугнувањето беше во доцните попладневни часови. Учениците се однесуваа примерно за време на целата екскурзија, се фотографираа, се дружеа и се едуцираа.
Во Богданци се вратија во вечерните часови.
Целите на екскурзијата беа постигнати.

**Одговорни наставници:**
Катерина Чрчева

Елеонора Трајкова

# Извештај за реализираната дводневна екскурзија со учениците од шесто одделение низ источните делови на Р.С. Македонија

Екскурзијата беше реализирана во деновите 22 и 23 мај 2024 година под водство на одделенските наставници Енџекчева Фиданка ,Стојков Љупчо и Петрушева Марија.

Првиот ден се тргна од центарот на Богданци и се упативме кон колешинските водопади а потоа во посета на манастирите св.Елонтие во Водоча и Света Богородица во Велуса .Потоа преку планината Огражден стигнавме во градот Берово и прошетавме по чаршијата и Беровското Езеро.Потоа стигнавме во Виница при што беше посетен музејот Таракота во центарот на градот а поради силни врнежи од дожд и малку град не можевме да го посетиме Виничкото кале.Од Виница се упативме кон Крива Паланка и се сместивме во хотелот на манастирот св.Јоаким Осоговски и вечеравме .

Вториот ден после доручек го посетивме манастирот св Јоаким Осоговски кој имаше свечена литургиа и бевме присутни, а потоа тргнавме кон Кратово, при што беше посетен Радиниот мост, кој е историско значење и отпеан во многу народни песи.

После Кратово се упативме кон Злетово и ручавме , а беше и посетен манастирот св. Гаврил Лесновски при што беше одржано предавање од страна на домаќините.Потоа се упативме кон Штип и беше посетен локалитетот и стар град Баргала и беше одржано предавање од од вработеното лице.После оваа посета во градот Штип им беше дадено време на учениците да прошетат низ Сити Мол Штип. На крајот се вративме за Богданци во попладневните часови без никакви проблеми.

Екскурзијата беше изведена со туристичката агенција Дори травел Негорци

Одговорни наставници:

1. Енџекчева Фиданка
2. Стојков Љупчо
3. Петрушева Марија

Датум: 22,23.05.2024

# Извештај од реализација на еднодневна екскурзија за Скопје во трето одделение

На ден 03.06. 2024 се реализира еднодневна екскурзија за Скопје. Екскурзијата се реализира со 53 ученика од ООУ„ Петар Мусев “ – Богданци. Изведувач на еднодневната екскурзија беше туристичката агенција „Дори“ од Гевгелија. Со учениците беа нивните одделенски раководители , образовен асистент во трето б одделение , како и водич од агенцијата и лекар. Тргнувањето беше во 7.30 часот од автобуската станица - Богданци . Се упативме кон Скопје. По пат учениците разгледуваа и се запознаваа со Стоби стара градба . Потоа следеше посета на Меѓународен Аеродром Скопје(воздушен сообраќај). Посета на Скопско Кале стара градба и панорамски разглед на градот .Прошетка низ центарот на Скопје ,споменици и спомен куќата на Мајка Тереза(жена , хуманитарка , светица), Гробот на Гоце Делчев , (револуционер). По посетата на знаменитостите учениците се упатија на ручек , а после ручекот следеше посета на Зоолошка градина. Со ова разгледување учениците ги проширија своите знаења по општество и имаа можност да поставуваат прашања кои ги интересираат .Во попладневните часови се упативме назад кон Богданци и стигнавме околу 20 : 00 часот.

Одговорни наставници :

Одд. Наставник : Милица Данаилова , Наталија Манолева и Александра СтојковаАлиевиќ

# Прилог 3

## Годишен извештај за работата на Инклузивниот Тим во ООУ „ Петар Мусев“ Богданци во учебната 2023/24 година

ООУ„ Петар Мусев“ Богданци има Инклузивен Тим кој според Законот за основно образование е составен од директор, наставници (одделенски и предметни), стручните соработници (спец.едукатор, педагог) и родители на учениците со посебни образовни потреби. Истиот работи по Годишна програма која во себе ги содржи целите, активностите, времето на реализација и очекуваните резултати.

Во месец **август - септември**се подготви глобалното и месечно оперативното планирање на Инклузивниот тим за учебната 2023/24 година, според Водичот за работа на Инклузивните тимови, ревидиран и одобрен од МОН и БРО во 2020г. Инклузивниот тим ги идентификува учениците си ПОП  при што како техники и инструменти беа искористени систематска опсервација, разговор со наставниот кадар, разговор со учениците и со родителите. Систематска опсервација се изврши кај ученици кои се запишани во прво одделение. Интервјуата и разговорите со родителите се водени преку состаноци, по телефон и со документација. Со оваа цел навремено беа идентификувани и детектирани ученците кои имаат потреба од помош и поддршка во текот на учебната година.Во истиот месец се започна координација за изготвување на ИОПи за учениците со ПОП, односно консултации со наставниот кадар и родителите за утврдување на потребата од поддршка.

Во месец **октомври** Учениците со ПОП беа проценувани од страна на тимот за функционалните способности, како и за индивидуалните состојби (физички, когнитивни, емоционални). Во месец октомври исто така се започна со изработката на Среднорочните планирања по ИОП, адаптација и модификација на содржини од наставата. Се одржаа состаноци со Инклузивните тимови за ученик.

Во месец **ноември – декември** се работеше на инструктивна и консултативна поддршка на наставниците каде се вклучени учениците со ПОП, со развивање на методи и техники на работа кои одговараат на способностите и капацитетите на овие ученици. Се градеа интензивно стратегии за учење на учениците со ПОП. Воедно се работеше на поинтензивно вклучување на учениците во наставата во групи и парови како форми на настава. Се направи посета на часови за увид во работата по ИОП кај наставници кои имаат инклудирано ученици со ПОП во нивното одделение.

Во месец **јануари** се изготви полугодишниот извештај за работата на Училишниот Инклузивен Тим. Во истиот месец се направи ревизија и евалуација на долгорочните цели во ИОПите на учениците со ПОП. Кај наставниците кои немаа изработено среднорочни планирања за второ полугодие, се пристапи кон изработка и адаптирање на темите и активностите.

Во месец **февруари – март**училиштето се подготвуваше и учествуваше во низа работилници . Во месец март, согласно правилникот се побараа асистенти за учениците од второ до деветто одделение, за кои има препорака од Стручно тело, по МКФ.

Во месец **април**дел од Инклузивниот Тимпроследија неколку обуки за стручните соработници во кои учествуваше и нашето училиште, како „Менстуално здравје и хигиена" за ученичките од петто и шесто одделение, „Ментално здравје кај адолесценти" за учениците над шесто одделнеие, со изработување на учелишна програма за спроведување за наредната година.

Во месец **Мај - Јуни** Дел од Инклузивниот тим учествува во уписот на првачињата во мај, со солидни иснструменти за следење на однесувањето и развојот на децата.

. Во месец јуни се направи и евалуација на постигањата на учениците по ИОП, како и оценување на истите пригодно по ИОП.

**Тековно** низ првото полугодие се поддржуваа учениците со ПОП во учењето, во справување со негативни и стресни ситуации. Се изработуваа инструменти за проценаи се организираа посети на час кога беше планирано.

Се приспособуваа наставните содржини за учениците со ПОП, како и адаптацијата на тестовите, наставните ливчиња и писмените работи. Тековно постоеше следење на напредокот на учениците и нивното однесување.

За наставниците беше овозможена постојана поддршка при планирањето на наставата и реализацијата на истата, како и создавање на стимулативна средина за учење. Понудени се концептуални документи кои им се од значење во изведување на наставата по инклузивна клима.

ИТ соработуваше со родителите на учениците со ПОП, давајќи им насоки за подобро прифаќање на ситуациите, споделување на информации важни за состојбата на ученикот,

како и за нивните права, бенефиции и обврски. Се реализираа индивидуални консултации со семејствата на учениците со ПОП.

Соработката со локалната заедница продолжува со промовирање и информирање на истата за работата на училиштето, воедно соработката со стручните институции и организации продолжи со активности за соработка со стручни лица од регионот, граѓански здруженија и невладини организации.

Инклузивниот тим продолжува со градење и одржување на инклузивната клима во училиштето за подобро прифаќање на учениците со ПОП, учество во социјалните и хуманитарните активности на училиштето и локалната средина.

Специјален едукатор

Елисавета Карастојанова